**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-40/3
**15.05.2023** година
Неготино

| | |
|---|---|
| **ООУ„Панко Брашнаров“ - Велес** | |
| Конечен  извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27-29.11.2023 |
| **Број на извештај:** | 209-14/1/Вардарски регион/2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Радица Лазова |
| **Вид на училиштето:**<br>**Основач на училиштето:** | Основно училиште<br>Општина  Велес |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 710 |
| **Полова структура на ученици:** | 357  машки и 353 женски |
| **Број на наставници:** | 61 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Зага Колодезни |
| **Директор на училиштето:** | Валентина Стефанова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Училиштето е формирано од две училишта,од ООУ„Јордан Хаџи Констатинов-Џинот“-Велес,последна интегрална евалуација извршена во април 2018 г. и од ООУ„ Благој Кирков“- Велес во мај 2018 г.извршена е последна ИЕ. |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Кресненско востание“ бр.2, Велес |
| **Телефон:** | 043/231-189 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-pankobrashnarov-veles@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | **3,21** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014  и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

# РЕЗИМЕ

Интегралната евалуација во ООУ „Панко Брашнаров“- Велес,  ја спроведе инспекциски тим  од Државни просветни инспектори.

За време на престојот во училилиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители, стручни активи, Ученички парламент и Ученички правобранител.

Инспекторите ги посетија часовите на 58 наставници во одделенска и предметна настава во училиштето. .

Воспитно-образовната дејност во ООУ „Панко Брашнаров“- Велес е добра[1] ( **3,21** ).

Констатираното квалитативно ниво е добиено врз основа на увидот во целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, од разговорите водени со наставниците, родителите и учениците, анализата на претходно доставените коментари, како и од посетите на наставните часови.

Од анкетата што беше спроведена со определен број на наставници, ученици и родители како и од разговорите водени со нив, најголемиот број наставници сметаат дека постои работна атмосфера и меѓусебна почит меѓу наставниот кадар, директорот и стручната служба, а самото училиште има соодветни просторни услови и доволно нагледни средства и опрема.

Наставата во ООУ „Панко Брашнаров“- Велес , се реализира според наставните планови и програми за основно образование кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение се реализира согласно новата концепција за основно образование за учебната 2023/2024 година.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства (брошура, веб страна) да ги информира учениците и родителите за целите на наставните планови и програми како и за целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

Постапката за изборни предмети училиштето ја спроведува во целост. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на осум предмети во четири подрачја во IV и V одделение, во VI одделение се понудени три наставни предмети, од VII до IX одделение се понудени десет наставни предмети со потенцирање дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат.

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Училиштето е вклучено од 2013/14 година во Проектот за меѓуетничка интеграција во образование (УСАИД). Училиштето има потпишано Меморандум за партнерство со училиштето „Лирија“ од с. Горно Јаболчиште.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и афинитетите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб е активен. Училиштето има отворени спортски терени за фудбал, кошарка и ракомет.

Педагошко-психолошката служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи, споредбени анализи за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети, извештаи по одделенија со оправдани и неоправдани изостаноци, анализи на општ успех по одделенија, анализи по предмети со највисок и

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

најнизок успех по одделенија и пол како и по наставни предмети со најмногу слаби оценки по одделенија.

Стручната служба во соработка со наставниците во континуитет ја следи работата, ангажираноста и тестирањето на ученици за идентификување на мотивирани и талентирани деца. Преку додатна настава и вонннаставните активности учениците постигнуваат резултати на различни видови натпревари.

Во училиштето се обезбедува поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба како и поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето остварува соработка со Ресурсниот центар во Велес за обезбедување на поддршка со образовни асистенти за ученици кои работат по ИОП.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава со изготвени и доставени годишни и тематски планирања кај стручната служба. Изготвени се планови за реализација на програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови. Во планирањата се интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Поголем број од наставниците имаат планирања за слободни часови односно слободни ученички активности.

Наставниците изготвуваат дневни подготовки за час и кај најголем број наставници подготовките ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Наставниците кои реализираат настава во I, II, IV, V и VI одделение имаат изготвено сценарија за реализација на наставните содржини.

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи и расположливи нагледни средства. Најголем број наставници се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата.

Наставниците секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи.

Во училиштето има пишана процедура за идентификување и работа со ученици со посебни образовни потреби. Пет ученикасе категоризирани како ученици со попреченост и за нив има пет образовни асистенти, а два ученика се идентификувани од стручната служба како ученици со потешкотии во учењето.

Поголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Наставниците при оценувањето најчесто користат писмени работи, контролни тестови, практични вежби, наставни ливчиња како и усно испрашување. Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година.

Сите наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, до кој пристап имаат и родителите. За сите податоци за оценувањето на ученикот во е-дневникот увид има секој родител преку меил или со добивање на смс пораки.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.

Наставата во централното и подрачното училиште се изведува во пространи и осветлени училници соодветни на училишните стандарди. Инфраструктурата е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Училишниот двор е ограден, со патеки, паркинг простор и мал простор на зелена површина, простор безбеден за движење на учениците.

Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различни облици на насилство.

Училиштето води политика за заштита од зависности, односно пороци на денешницата: пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за ученици со пречки во развојот во однос на физичка попреченост.

Хигиената во училниците, ходниците и санитарните јазли во централното и подрачното училиште е добра. Пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие, во централното и подрачните училишта и во подрумските простории.се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Најголем број од наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.

Раководниот орган и стручните соработници имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето. Училиштето има изготвено кодекси на однесување на учениците, наставниците и другите вработени во кои се регулирани правилата на однесување на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

Дисциплината во училиштето е многу добра. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување.

Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на завршната приредба односно Патрониот празник на училиштето на 4-ти октомври и преку Facebook - страната на училиштето. Училиштето прогласува и ученик на генерацијата, согласно критериумите утврдени во Правилникот за доделување на награди за ученици.

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол, социјално потекло и етничка припадност. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Во училиштето вкупен број на ученици е 710 од кои 369 ученици се од македонци, 13 албанци, 45 турци и 3 од друга етничка припадност.

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители.

Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината, а исто така има добра соработка со институциите на локалната заедница.

Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира во една зграда во централното училиште и една зграда во подрачните училишта во с. Каласлари, с.Чолошево и с.Башино село. .Централното училиште располага со 27 училници, пет канцелариски простории, една библиотека и една спортска сала за одржување на часови по Физичко и здравствено образование. Извршено е реновирање на кровот на централното училиште, но со реконструкцијата се направени бројни градежни пропусти така што кровот пропушта вода кога врне дожд и паѓа снег. Подрачното училиште во с.Каласлари располага со три училници и една канцеларија за наставници во кои во една смена учат 25 ученика во две чисти паралелки и една комбинирана. Во подрачното училиште во с.Чолошево има четири училници и една канцеларија за наставници и отворен спортски терен, во него учат пет ученика во една комбинирана паралелка. Децата од подрачното училиште во с. Башино село учат во стара зграда со четири училници и една наставничка канцеларија и надвор има отворен сопртски терен. Во училиштето учат 22 ученици во три паралелки од кои една чиста а другите две се комбинирани.

Хигиената во училиштето и училишните двор е добра.Санитарните јазли кои ги користат учениците ги задоволуваат хигиенските потебите на учениците и хигиената во нив задоволува.

Во училиште се поставени вкупно пет противпожарни апарати кои редовно се сервисираат. Има вкупно пет хидранти кои се сервисираат секоја година.Централното училиште е обезбедено со шест камери за видео надзор додека во подрачните училишта нема поставено од нив.

Училиштето е обезбедно со нова ИКТ опрема и тоа вкупно 17 компјутери во училницата за информатика , 53 лаптопи во училници за наставниот кадар во централното училиште и 14 интерактивни табли а во подрачните училишта, во с. Каласлари има по еден лаптоп за наставниците и две интерактивни табли, во с. Чолошево има еден лаптоп и една интерактивна табла а во с. Башино село има 22 активни компјутери, три лаптопи и две интерактивни табли.

Училишната библиотека располага со 30.941 книги, библиотечен фонд од различни жанрови, лектирни изданија од I-IX одделение, слободна литература, стручна литература по предмети, лексикони, енциклопедии, странска литература

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно- образовниот процес. Стручната служба на училиштето им помага на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош.

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците, а директорот обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците: семинари, обуки доколку истата не е обезбедена од организаторот.

Од непосредниот увид во документацијата, се констатира дека училиштето има финансиски план и план за јавни набавки за тековната година за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училишниот одбор има добра соработка со раководниот орган. Тој е конституиран согласно законската регулатива.Членовите на Училишниот одбор доволно се запознаени со законските и подзаконските акти во основното образование. Училиштето има Статут бр. 01-287/1 од 15.11.2019 година за кој има добиена согласност од Министерство за образование и наука.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на основното училиште.

Орган на раководење во училиштето е директорот кој ги исполнува законските и статутарно поставените услови за директор на училиштето. Целите и задачите на директорот се насочени кон организирање и реализацијата на воспитно-образовната работа и обезбедување на услови за нормално изведување на наставата.

Училиштето има изработено Самоевалуација, со бр. 01-685/1 од 10.08.2023 година за период од 2021-2023 година.

Целите на државната политика училиштето ги има имплементирано во Годишната програма за работа и Програмата за развој. Образовната политика и во двата документи се креира по насоките дадени од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

План за развој на училиштето со дел.бр. 01-658/1 од 12.08.2021 година е изготвен за временски период од 4 години и истата е во согласност со одредбите на Законот за основнообразование.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел.бр. 02-684/1 од 10.08.2023., усвоена од Советот на Општина Велес.

Директорот на основното училиште има формирано инклузивен тим за секој ученик со ПОП, којшто работи по индивидуален образовен план. Училишниот инклузивен тим е составен од седум члена со Решение бр. 03-1028/1 од 08.11.2022 година и него го сочинуваат психолог, педагог, предметен наставник, одделенски наставник, директор на училиштето, двајца родители на ученици.
Со финансискиот план од редовната сметка училиштето планира средства за оспособување и ставање во функција нагледни средства кои се нефункционални со што би го подобрил квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното општинско училиште „Панко Брашнаров“ - Велес претставува централно основно училиштесо опфат на ученици од Велес и три подрачни училишта во с. Каласлари, с.Чолошево и с. Башино село.

ООУ„Панко Брашнаров“-Велес е регистрирано како самостоен правен субјект во Окружниот суд со Одлука за основање на училиштето со дел.бр. 25-2927/1 од 30.07.2019 година од Совет на Општина Велес , ( „Службен гласник на Општина Велес“, бр. 12 од 31.07.2019 година) а запишан во Централен регистар Деловоден број 30620190000450 од 04.09.2019 година.

Во училиштето се работи според наставни програми и планови за Основно образование за учебната 2023/24 година, бр. 12-4729/2 од 02.05.2023 година.

Настава во сите девет години од основнотообразование се реализира во 42 паралелки и ја реализираат вкупно 61 наставника.Од вкупно 42 паралелки во четири паралелки има комбинирана настава.

Во стручната служба се вработени двајца психолози, еден педагог, специјален едукатор и рехабилитатор нема а во библиотеката се ангажирани двајца библиотекари од кои едниот е наставник по македонски јазик со 16 наставни часа и четири часа во библиотеката и другиот е наставник по македонски јазик со 16 наставни часови кои ги држи во СОУ „Јовче Тесличков“-Велес и четири наставни часа во библиотеката.

Училиштето има изготвено Годишна програма која е усвоена од Советот на Општина Велес со акт бр. 02-684/1 од 10.08.2023.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр. 12-8593/3 од 2019 година година, издадено од страна Министерство за образование и физичка култура на Република Македонија.

Училиштето е основано со акт за основање бр. 25-2927/1 од 30.07.2019 година од Совет на општина Велес.

Со актите за верификација УП. 12-8593/3 од 2019 година година е извршена верификација Основно училиште „Панко Брашнаров“-Велес во Општинско основно училиште „Панко Брашнаров“-Велес.

Од тековна состојба на правното лице, издадена од Централен регистар-Велес, субјектот е заведен како ООУ„Панко Брашнаров“-Велес со даночен број 4004019517853 и ЕМБС 7377940

Училиштето има изготвено Статут со дел.бр. 01-287/1 од 15.11.2019 година година за кој има согласност од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија со Решение 02-285/5 од 26.03.2020 година.

Училиштето има согласност од Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија со бр. 12/6-634/3 од 25.06.2020 година на Правилникот на внатрешна организација на училиштето, заведено со арх.бр. 01-184/1 од 30.10.2019 година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Во ООУ „Панко Брашнаров“ - Велес, наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ, трето,четврто, петто и шесто одделение се реализира согласно концепцијата за основно образование за учебната 2023/2024 година. За реализација на наставните програми за учениците се обезбедуваат бесплатни учебници изготвени од Биро за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Обновувањето и доставувањето на потребниот број на учебници кои треба да бидат во добра состојба, не се постигнува целосно, односно Министерството испорачува дел од учебниците, кои се во дотраена состојба. Поголем број од наставниците укажуват на несоодветни учебници согласно наставните планови и програми и напишани на висок стил.

Во училиштето се реализира програмата „Образование за животни вештини“, со вкупен фонд од 36 часа. На часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители се спроведуваат активности, предавања и работилници, согласно Прирачникот и се води уредна документација за реализација на содржините.

За реализација на наставата во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение согласно концепцијата, директорот на училиштето има обезбедено комјутери за секоја училница во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение како во централното така и во подрачните училишта.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште во Велес се изведува во спортска сала за изведување на настава по ФЗО. Во подрачните училишта во с. Карласлари, с. Башино село и с. Чолошево, наставната програма по физичко и здравствено образование се одвива во отежнати услови, училиштата немаат спортска сала, при што најчесто се користат отворените спортски терени кога временските услови го дозволуваат тоа.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства (брошура, веб страна) да ги информира учениците и родителите како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

Во училиштето вклучени се пет ученици со посебни образовни потреби со наод и мислење од Меѓународната класификација на функционирање донесена од Светската здравствена организација а идентификувани се двајца ученика со специфични потешкотии во учењето. Со нив се работи според прилагодени цели, со посета на индувидуални часови како и индивидуална поддршка од одделенскиот наставник за време на часовите. Учениците со потешкотии во учењето се идентификувани од страна на наставниците и за нив се изготвува и води индивидуален образовен план, се работи по одредена програма изготвена од страна наставниците и стручните соработници по претходно добиена согласност од родителите. Индивидуалните образовни планови се

изработуват од инклузивните тимови формирани за секој ученик посебно. На ниво на училиште е формиран Училишен инклузивен тим (Одлука бр. 031028/1 од 08.11.2022 год. донесена од страна на директорот на училиштето). Училишниот инклузивен тим има изготвено програма за работа и преку планирани активности ја реализира програмата соработувајќи со наставниот кадар, учениците, родителите, НВО, локалната средина. Училиштето има интерна процедура за изготвување на индивидуални образовни планови за поголем број наставни програми со учество на стручната служба во училиштето.

Во учебната 2023/24 година, во училиштето ангажирани се пет образовни асистенти за децата со посебни образовни потреби, а за еден ученик се чека доделување на уште еден образовен асистент. Напредокот на учениците со посебни образовни пореби е на задоволително ниво и праксата покажува дека учениците со посебни образовни потреби кога следат настава со образовни асистенти напредуваат многу подобро од вообичаено. Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивниот тим и во изготвувањето на индивидуалните образовни програми на своето дете. Тие присуствуваат на состаноците и добиваат информации за напредокот, прогресот, однесувањето на нивните деца во училиштето за време на часовите и воннаставните активности, а со тоа и паралелно го следат напредокот на своето дете. Се следат постигањата на поставените цели и се прави реевалуација на индивидуалниот образовен план на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година.

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на наставни предмети во четири подрачја и тоа во IV, V и VI одделение се понудени три наставни предмети а во VII, VIII и IX одделение се 11 наставни предмети со потенцирање дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат. На родителските средби се врши анкетирање на учениците заедно со родителите. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото Упатство - Водич за слободни изборни предмети. Стручната служба со директорот изготвува извештај со изборни предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година.

Училиштето не реализира проширена програма.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Стручната служба во училиштето нема направено посебни истражувања за тоа колку родителите се задоволни од наставните планови и програми.

Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието постојат мал број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина. Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто при одбележување на локални манифестации, општински празници, учество на трибини, предавања , конкурси и натпревари.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Од 2021/22 учебна година, училиштето е вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција на млади во образование (МИМО ,УСАИД). Потпишан е Меморандум за соработка архивиран со бр.03-1034/2 од 02.12.2021 година за партнерство со ООУ „Лирија " од с. Горно Јаболчиште со цел за развивање на меѓуетничко интегрирано образование и да се намалат предрасудите преку контакт со припадници на другите етнички/културни заедници. Реализирани се заеднички активности со партнер училиштето „Лирија" од с.Горно Јаболчиште во рамките на Годишната

програма како и самостојни МИМО активности: изработка на флаер „ Сите заедно против омразата“, спортски игри, меѓусебно запознавање и презентирање преку една презентација насловена како „Типови на соживот“ , презентација на анимиран филм и изработка на обележја од секој од својата култура и одржување на спортски натпревари со партнер училиштето. Исто така, организирани и реализирани се и самостојни ативности како : „Играме и спортуваме“ со ученици од трето одделение, ученици одчетврто одделение преку изработка на ногогодишни честитки со пораки за Нова година напишани на македонски,албански, турски, ромски јазик. Училиштето аплицира за грантови од МОН и самостојно издвојува средства за реализација на заеднички активности. Во рамки на наставните програми таму каде е можна корелација, се реализираат и самостојни МИМО содржини. После периодот на КОВИД услови реализирани се заеднички онлајн активности. Членовите на СИТ од двете училишта соработуваат и преку интернет.

Училиштето има интегрирано еколошки содржини од еколошката програма во планирањата по наставни предмети, согласно на програмата и планот на активности. Најголем број од наставниците ги интегрираат овие содржини во своите тематски планирања.

Квалитетот на планирањата на наставниците континуирано се следи од страна стручната служба преку увид со посетата на часови заедно со директорот за исполнетост на дидактички барања за планирањата. Училиштето нема покренувано иницијатива до Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

### 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците.

Покрај воннаставните активности кои се дел од државните образовни политики и се спроведуваат во сите училишта во државата, во училиштето редовно се реализираат и активности, хуманитарни акции за ученици од училиштето со собирање средства за операции, донирање на облека на ученици од ранлива категорија и во соработка со општината организирање на настани по повод Нова година и Велигден во вид на базари и тоа во младинскиот парк во градот, во холот на училиштето, доделување на новогодишни пакетчиња за децата од прво до трето одделение. Редовно се организираат манифестации за денот на училиштето и други општински манифестации како што е манифестацијата „Рацинови средби„, дебати за јавно здравје организирано од општината.

Поголем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Училиштето обезбедува услови за вклучување на ученици со посебни образовни потреби и ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Во минатата година учениците учествувале на поетски читања, посета на градска библиотека, посета на градски музеј и општинска галерија, посета на куќата на Кочо Рацин, посета на издавачка куќа „Збор“ во Велес, посета на театарска претстава, посета на детскиот фестивал „ Златно славејче“ во Скопје и на локални манифестации, Новогодишна културно-забавна училишна програма, прослава на Патронен празник, ученички натпревари.

Во училиштето се реализираат слободни ученички активности, со претходно изготвени програми за работа на секциите. Учениците членуваат во следните секции по

наставни предмети: географија, математика, физика, биологија , француски јазик, англиски јазик, млади хемичари, млади биолози, секција по природни науки, драмско-рецитаторска, литературна секција, ликовна секција, француска секција, спортска секција, млади англичани, хор со три гласа. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според своите сопствени афинитети и интереси. За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници.

Училиштето има планирано ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование, но истите во 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 учебна година не се реализирани од причина на пандемијата Covid 19. Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година се планира да се реализираат еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија, излет во околните села, како и настава во природа и за истите училиштето има добиено позитивно мислење од Совет на општина Велес и БРО.

Ученичкиот парламент на ниво на училиште во рамки на својата програма планира и реализира активности од општествено-корисен карактер, забава и рекреација, грижа за здравјето на учениците, подобрување на успехот и дисциплината на учениците, а поддршка добива од стручната служба во училиштето околу организирање и спроведување на активностите. Учениците со помош и поддршка на училиштето и наставниците вклучени се во проектот МИМО, ЕКО. Исто така учествуваат на натпревари што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности ги користи расположивите интернет ресурси, локални медиуми, Web-страна на училиштето: https://ooupankobrashnarovveles.edu.mk, и Facebook-страна на училиштето. Училиштето има формирано спортски клуб „ Благој Кирков- Тигри “ формирано на 25.02.2014 година, заведено во Централен регистар на РМ со дел.бр. 30620140001646 од 14.03..2014 година.

# 2.ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат извештаи за сите квалификациони периоди во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според наставни предмети, паралелки и пол. Од извештаите и анализите може да се констатира дека средниот успех на учениците по учебни години во последните три учебни години изнесува: за учебната 2020/2021 година - 3,68; за учебната 2021/2022 година - 3,61 и за учебната 2022/2023 година средниот успех е 3,61.

Намалено поведение во последните три учебни години е: за учебната 2020/21 на шест ученици им е намалено поведението, во учебната 2021/22 год. на 20 ученика и за учебната 2023/24 на четири. Просек на оправдани изостаноци по ученик во ООУ „Панко Брашнаров“-Велес, изнесува: за учебната 2021/22 год. – еден, за учебната 2021/22 год. – 37 и за учебната 2022/23- 29 .

Просек на неоправдани изостаноци по ученик е: за учебната 2020/21 – нема, за учебната 2021/22 – еден и за учебната 2022/23 – два неоправдани.

Просек вкупно на оправдани и неоправдани изостаноци по учебни години е: за 2020/21 – 12, за 2021/22- 38, за 2022/23 – 30.

Во учебната 2020/2021 година просечниот број на изостаноци по ученик изнесува 20,65 од кои 20,46 оправдани и 0,18 неоправдани по ученик. Во учебната 2020/2021 година просечниот број на изостаноци изнесува 6,43 по ученик од кои учениците имаат 6,12 оправдани и 0,31 неоправдани по ученик. Во учебната 2021/2022 година просечниот

број на изостаноци изнесува 18,05 по ученик од кои 17,92 оправдани и 0,14 неоправдани по ученик.
Ученици кои ја ја повторувале годината по учебни години изнесува : за 2020/21 – 22 ученика, за 2021/22 – 11 ученика и за 2022/23 – 20 ученици. Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и презема конкретни активности за подобрување на состојбата со редовноста. Училиштето прави конкретни анализи по категории на што се однесуваат овие изостаноци и презема ефикасни мерки за надминување на оваа состојба. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за што води уредна евиденција. Ученици упатени на поправен испит со 1 и 2 негативни оценки по учебни години изнесува: за 2020/21 – осум, за 2021/22 – четири и за 2022/23- 16.

Ученици упатени на класен испит по учебни години: за 2021/ 21 – девет ученика, за 20 21/22- седум ученика и за 2022/23 – 18 ученика. Ученици со намалено поведение по учебни години се: за 2020/21 – шест, за 2021/22- 20 и за учебната 2022/23- 24.
Награди општински 20/21 : трето место математика, биологија 2 уч, природн науки второ место и трето место. вотор место, математија прво место, вотро место 2, природни науки 3 место 2 ченика, гео прво место, натемати 2 уленика 1 место , едно трето место, природни науки 2 место, присодни науки 3 место, природни науки 2 место, математика 3 место, англиски јазик има 2 второ место. Училиштето редовно учествува на конкурси и натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво и освојува награди со што го афирмира училиштето.
Награди на општинско ниво по учебни години има постигнато за учебната 20 21/22 година: 2 ученика едно прво, две втори места и едно трето место по географија; по математика едно второ место, по хемија едно трето место, по математика едно прво место, едно второ место, четири ученика трето место по предметот природни науки и народна техника прво место, по биологија едно трето и второ место, на конкурсот млади библиотекари на општинско ниво едно второ место, по биологија едно второ место и трето, по природни науки едно прво место едно второ и четири трети места.

Во учебната 2022/23 на општински натпревар по предметот природни науки освоени се три втори награди,една втора награда и еда трета награда, на општински натпревар по хемија освоено е едно трето место, по географија едно второ место, по математика едно прво и две трети места, по биологија седум трети места и едно второ место, на натпревар по анлиски „Елтам“ освоено е едно второ и едно трето место. На регионални натпревари во учебната 2020/21 год. освоено е едно прво по математика и екологија, по применета биологија едно второ место, по градежништво и архитектураедно второ место, по фото техника едно прво место, по автоматика едно прво место, по електротехника едно прво место, по воздхопловно и моделарство едно прво место, по сообраќајно моделарство едно прво место, по бродомоделарство едно второ место и ракетно модлерство второ место, по математика второ место, по биологија трето место, по природни науки трето место.

Во учебната 2021/22 година освоени награди на регионални натпревари се: по народна техника и иновации прво место, по англиски „Елтам“ две втори места, по географија едно трето место, второ место, прво место. По математика едно прво место, едно трето место, по информатика прво место, по народна техника и фототехника прво место, бродомоделарство прво место, ракетно моделарство второ место, сообраќајно моделарство второ место, по воздухопловно моделарство прво место, по електроника прво место, по хемија трето место, по математика прво место, природни науки едно второ ,едно прво и две трети места, био второ место, екологија и народна техника прво место, природни науки три трети места.

Учебна 2022/23 година освоени награди четири ученици по прир.науки освоиле трето место, клуб на млади техничари и иновации прво место, хемија трето место, математика прво место и трето место, народна тех. применета математика првоместо, биологија девет трети место и едно второ, народна техника и применета биологија трето место, англиски „Елтам“ две трети места. 2020/21 учебна година на државен натпревар освоени награди се: по народна техника од областа на математика трето место и по област информатика трето место, нар. техника и математика второ место, и едно прво место, електротехника трето место, воздухопловно моделарство трето место. Во 2021/22 учебна на државен натпревар совоени награди се: по нар.техника и математикам прво место, нар.техника и воздухопловно моделарство второ место, прир.науки трето место, за состав по мак јазик второ место.

2022/23 учебна на државен натпревар освоени се награди по? македонски јазик за состав литературна ликовна творба прво место, клуб на млади техничари и природници област иновации второ место, народна техника и применета математика прво место и биологија трето место и народна техника и применета биологија второ место.

На меѓуародни натпревари учество и награди земале ученици од ова училиште на конкурсите:за учебната 2021/22 година на Саем за иновации „Маконова 2021“ едно трето место.Во учебната 2022/23 на литературен конкурс „Почитувај сообраќајни правила, почитувај го својот живот“ освоена е втора награда. На меѓународен проект за наставници „ Нашата училница низ објективот на образовната технологија“ добиена е благодарици за цело одделение. На меѓународен проект „ Богата је кућа свака уз рецепта својих бака“ доделена е благодарница за цело одделение, IV одделение. Клуб на млади техничари и иновации и природници од област иновации освоиле трето место во Босна. На конкурсот „Сообраќајна макета“ училиштето освоило трето место во конкуренција со Р.Србија. На меѓународен литературен конкурс „ Краљевство белих рада Б јело поље“ учениците при ова училиште освоиле едно второ место. Училиштето планира и презема активности за подобрување на постигањата на учениците. Стручната служба врши анализа и презема конкретни активности поврзани со советување на учениците и родителите за подобрување на постигањата на учениците. Училиштето има пропишани приоди за идентификување на надарените ученици и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Поддршката на учениците што имаат потешкотии во учењето како и на надарените ученици се прави во соработка помеѓу стручната служба и наставниците. Голем број наставници во училиштето редовно ја реализираат дополнителна настава по предметите за кои учениците имаат тешкотии и имаат потреба од дополнителни часови во учењето и додатната настава за учениците кои покажуваат интерес и се талентирани за одредена област. Училиштето има пропишана политика и го следи преминот на учениците од петто во шесто одделение, како и за учениците во прва година средно образование. Училиштето организира воннаставни активности. Најголем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои етничка, родова и социјална рамноправност.

### 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето ги опфаќа училишните обврзници од општина Велес.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најголемиот број од нив се поради економски причини, по основ заминување во странство.

Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.

### 2.3 Повторување на учениците

Во училиштето се идентификуваат причините за повторување и навремено се преземаат мерки за подобрување на состојбата, односно успехот кај учениците. Во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при задржување во истотото одделение/ повторување на учебната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирање на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето остварува соработка со Основното училиште со Ресурсен центар ,,Маца Ѓорѓиева Овчарова“ – Велес, за обезбедување на поддршка за изработка на индивидуални образовни планови за наставиците односно инклузивните тимови на учениците. Од страна на директорот и струшната служба се следат планирањата на наставниците најмалку еднаш во едно полугодие.

Најголем број од наставниците во програмите имаат планирано МИО и ЕКО активности и поголем број од наставниците ги реализираат интегрираните содржини во планирањата.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Имаат изготвени и доставени годишни и тематски планирања кај стручната служба (педагогот) во електронска форма. Кај поголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Целите на наставата и начинот на оценување се јасни и голем број од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. Голем број од наставниците се придржуваат до дидактичките насоки согласно упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи од основното образование. Наставниците имаат изготвено планови за реализација на програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови. Во планирањата се интегрирани еко-содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованиeто. Врз основа на извештаите од Меѓународната комисија за класификација за функционирање попреченост и здравје (МКФ) и согледувањата на Училишниот инклузивен тим за децата со ПОП се изготвуваат ИОП.

Наставниците изготвуваат подготовки за час и кај најголем број наставници подготовките ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Мал број на наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. За поефикасно планирање и реализирање на наставните часови, училиштето дава стручна поддршка преку индивидуален пристап со наставници, на стручни активи и на наставнички совет.

Наставниците кои реализираат настава во I, II, IV, V и VI одделение имаат изготвено сценарија за реализација на наставните содржини планирани во годишната програма. Планирањето го изготвува стручниот актив пред почетокот на новата учебна година, најдоцна до 31.08.2023 година. Во рамки на активот на одделенски наставници се

анализира наставната програма и се врши распоредување на часовите од темите на наставната програма согласно содржините и стандардите за оценување дадени во наставната програма. Исто така тие се поврзуваат со дадените примери на активности во програмата, а доколку нема примери за определен стандард или наставниците сметаат дека друга активност е посободветна за постигнување на стандардот пишуваат нова активност, но при тоа се водат од иновативните пристапи од Концепцијата и реализираните обуки. При пополнување на образецот, наставниците го користат текстот од наставните програми дадени како ворд документи. Неделното планирање го изготвува стручниот актив, најкасно една недела пред да почне реализацијата на часовите од определена тема. Во образецот се пополнуваат истите содржини и стандарди согласно наставната програма и претходното планирање со тоа што се прецизира датумот на реализација на часот и врз основа на активностите од програмата се определуваат сценарија за час и потребните средства за реализација на часот. За секој час се подготвува одделно сценарио. И тогаш кога еден стандард се работи на повеќе часови, за секој час има различни активности па затоа и различни сценарија. Наставниците кои ја реализираат концепцијата за основно образование одржуваат неформални состаноци на кои се изготвуваат неделните сценарија, тимски, согласно препораките добиени од Биро за развој на образованието.

Наставниците разменуваат искуства и идеи и добри практики на ниво на четирите стручни активи. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето и истите се доставуваат до стручната служба, а за состаноците се водат записници. Многу мал број наставници соработуваат и остваруваат индивидуални контакти со колеги од други училишта во општината.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава и слободни активности, но истиот не се реализира целосно според предвидената динамика. Поголем број наставници од училиштето и наставници кои дополнуваат часови во други училишта водат сметка за расположливите ресурси со кој располага училиштето.

### 3.2 Наставен процес

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи и расположливи нагледни средства. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка.

Најголем број наставници се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. Секој наставник има на располагање училишен компјутер (лаптоп ) и истиот го користи за потребите за планирање и реализација на наставата. Најголем број училници се опремени со интерактивни табли (смарт табли) а сите преостанати училници се опремени со ЛЦД проектор и платно. Поголем број училници располагаат со бели табли; училиштето располага со доволен број принтери кои се на располагање на наставниците и со два фотокопира со скенер. Училштето има два смарт телевизори ,едниот е поставен во просторијата за продолжен престој а другиот во наставничката канцеларија. Поголем број наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линкови и е-содржини.

Задачите што се работат во училиште или дома од најголем број наставници се планирани во планирањата, но нецелосно се прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат одобрени учебници, дополнителна литература, податоци од интернет и други расположливи ресурси. Наставниците секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и најголем број наставници успеваат

да создадат активна и динамична работна атмосфера. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка припадност и не манифестираат полови, етнички, социјални, религиски и други стереотипи во комуникација со учениците. Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на директорот и стручната служба. Најмалку еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. По посетата на час се разговара со наставниците и се изнесуваат забелешките кои се користат за подобрување на наставниот процес.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.

Заедничкиот училишен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него ја отсликуваат целокупната работа на училиштето по подрачја и теми. Континуирано се уредуваат паноата во ходниците со изработки од учениците а во училниците од одделенска настава тематски се изложени изработки од ученички трудови.

Учениците сметаат дека на поголем број од наставните часови се учи на интересен начин и можат да учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата. За време на часот поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење се зема во предвид при решавањето на проблеми и одлучувањето. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите, градат врски на почитување, толеранција и комуникација. Учениците заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата во групи со хетероген состав.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. Со учениците кои имаат потешкотии во учењето, стручната служба и наставниците водат индивидуални разговори со родителите и се организира и реализира дополнителна настава.

Поголем број од наставниците во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем бројод наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Наставниците при оценувањето најчесто користат писмени работи, контролни тестови, практични вежби, наставни ливчиња, квизови како и усно испрашување. Најголем број од наставниците водат интерна евиденција за присутноста, активноста на часовите, прават збирка на ученички изработки (тестови, наставни листови, проекти). Помал број од наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Голем дел од наставниците редовно им даваат усна повратна информација на учениците за нивната работа како и насоки за подобрување на постигањата. Наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Сите ученици се оценуваат најмалку со две оценки на полугодие, а родителите се известуваат за успехот преку евидентните листови на тримесечје и полугодие и свидетелства на крајот на учебната година.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови). Сите наставници го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник до кој пристап имаат и родителите преку кој се информираат и самите родители . Во електронскиот дневник се внесуваат сите оценки на учениците (прво тримесечје, полугодишна, второ тримесечје и годишна оценка). За учениците кои се описно оценети се внесени описните оценки. За сите податоци за оценувањето на ученикот во е-дневникот увид има секој родител преку меил или со добивање на СМС пораки.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки, активности и процедури за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето врши редовно контролно испитување и одржување на хидрантите, противпожарните апарати и громобранската инсталација за што ги поседува потребните потврди. Осум вработени наставници имаат сертификат за давање прва помош на учениците при несреќни случаи. Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи заради постапување во случај на елементарни непогоди и за истиот има мислење од Дирекцијата за заштита и спасување. Последната симулација е изведена во 2021 година.

Училиштето има направено статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување се применува како интерен акт на училиштето. Дополнително училиштето има интерен акт, Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Секоја година стручниот соработник, психологот во склоп на својата годишна програма за работа како и со Планот за реализација на „Училиште без насилство“ планира и реализира разни активности со ученици и наставници и родители (предавања, работилници и истражувања) за спречување на врсничко насилство. Има примери полесно врсничко насилство меѓу учениците, но училиштето ефикасно се справува со секаков облик на насилство манифестиран од страна на учениците преку примена на механизмите дадени во протоколот. Најголемиот број вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.

Училиштето секоја година изработува и реализира програми за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, спречување на дискриминација и за намалување на насилството во училиштето како прилог на Годишната програма на училиштето. Со програмите се планираат: формирање на тимови, активности за запознавање на наставниците, учениците и родителите, работилници и предавања. Претходната година во соработка со СВР Велес се реализирала превентивна едукација од областа на безбедноста и сигурноста на учениците во училиштето и надвор од него а оваа учебна година сè уште немаат но е планирано да се реализира во текот на учебната година. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека најголемиот број вработени, на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Родителите и учениците се запознаени од страна на училиштето со правото и обврската за поднесување поплаки во случај на насилство или повреда на ученичките права до класните раководители.

Во училиштето има забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, што подразбира дека во училниците, канцелариите и тоалетите не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во последните три години нема пријави или сознанија за користење на алкохол и наркотични супстанции во училиштето и во училишниот двор. Училиштето има пропишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Училиштето во соработка со ОО на Црвен Крст во Велес и СВР- Велес секоја година реализира едукативни предавања за учениците за превенција од психоактивни супстанци. Со годишната програма за работа на училиштето се планираат и се реализираат предавања и работилници со ученичката заедница, изложбени паноа со пораки, како и содржини во склоп на образованието за животни вештини за време на класните часови за превенција од психоактивни супстанци.

Со постапка спроведена од Советот на родители се обезбедуваат два оброка и ужина за учениците во продолжен престој. Учениците од шесто до деветто одделение храна набавуваат сами од околните продавници за храна. Училиштето води грижа за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во околните продавници за храна. Училиштето во рамки на Годишната програма за работа на училиштето секоја учебна година планира активности (работилници и предавања) на тема здрава храна.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето нема пристапна рампа и лифт помеѓу спратовите. Во училиштето има пет ученици со интелектуална попреченост а нема ученици пречки во развојот/физичка попреченост.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето со Програмата за хумани вредности секоја година преку хуманитарни акции обезбедува облека, средства за хигиена и дополнителни средства за училишен прибор, сликање за табло, како и учество на овие ученици во воннаставни активности (екскурзии, театарски претстави, полуматурски забави и други приредби).

## 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето редовно се одржува. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот и се дезинфицираат два пати во денот, пред

секоја смена. Државниот санитарен инспекторат во изминатите три години нема констатирано пропусти во работењето на училиштето. Пред почетокот на секое полугодие се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Училиштето со куќниот ред, кодексот на однесување на учениците, како и преку совети од наставниците воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат по завршување на смената, другиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку еднаш во полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини и се уредени. Во дворот на училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци и учениците ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето во рамките на програмата за здравствена заштина на учениците и психологот во рамките на своето годишно планирање, планираат и реализираат разни активности, работилници и предавања за превенција од заразни болести. Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи согласно законските прописи. Последниот систематски преглед за вработените е спроведен во месец ноември 2023 година. Училиштето редовно соработува со здравствените установи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците.

Во училиштето нема ученици со хронични заболувања. Училиштето има пропишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Училиштето доклку има такви ученици има воспоставена практика на овие ученици наставниците да им обезбедуваат поддршка преку давање насоки и одржување на настава од далечина и дополнителна настава.

Училиштето има исто така пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, но психологот во своето годишно планирање планира активности (работилници, едукативни и советодавни раговори со учениците, нивните родители и наставниците како и активности за идентификување и грижа за тие ученици) за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми). Психологот користи инструменти за идентификување на овие ученици и презема конкретни мерки за секој ученик поединечно, ученикот и родителот да се справат со емоционалните потешкотии на ученикот. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните установи.

Во изминатите три години идентификувани се 32 ученици на кои психологот им помогнал во справувањето со нивните емоционални потешкотии поради: развод на родителите, болест во семејството и постконфликтни трауми. Има примери ученик да е упатен до надлежна установа, Центарот за социјални работи за службени лица од Центарот да дојдат во училиштето.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето во соработка со средните училишта од општината и од други општини на учениците им обезбедува релевантни информации за можностите за нивно понатамошно образование. Училиштето организира посета на отворени денови кои ги организираат средните училишта за учениците од завршното одделение кои се заинтересирани за упис во тие училишта каде им се презентираат можностите кои им ги нудат на учениците за нивно понатамошно образование. Подготовката на учениците за избор на нивно понатамошно образование, по завршувањето на основното образование во училиштето ја прават психологот и педагогот преку инструменти за самооценување на вештините и интересите на учениците и информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето. Дополнително советодавна помош за понатамошно образование на учениците со посебни образовни потреби за учениците и нивните родители обезбедува стручната служба преку проценка на можностите и потребите на самите ученици и советодавни разговори со нивните родители.

Наставниците во одделенска настава водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, и се грижат за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Сите раководители на паралелка изработуваат квартални извештаи за успехот, редовноста и дисциплината, односно поведението на учениците на ниво на паралелка и на ниво на одделение. Подготвените извештаи им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Од причина што не се изработуваат анализи со конкретни препораки, користењето на резултатите од извештаите не придонесува за подобрување на воспитно -образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, како и за поддршка на инклузивноста. Наставничкиот кадар ужива голема почит од страна на родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекс на однесување на учениците бр.03-767/2 од 30.8.2023 и за наставници бр.01-201/1 од 4.11.2019 година во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во истите, еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. При нивната изработка учествувале сите училишни структури. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес и климата како и односот меѓу раководниот орган со вработените е на добро ниво.

Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим бр. 03-1028/1 од 8.11.2022 година во чиј состав се вклучени стручните соработници и образовен асистент. За активностите изготвена е програма за работа на инклузивниот тим бр.03-727/2 од 23.8.2023 година. Тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на учениците со посебни образовни потреби. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените се придржуваат кон куќниот ред во училиштето бр.03-766/3 од 30.8.2023 година, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки со дел. бр 01-195 од 4.11.2019 година. Во последните три учебни години изречени се вкупно 70 педагошки мерки за намалено поведение по основ на неоправдани изостаноци, прекршување на кодексот на однесување во училиштето.

Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирано ученички парламент избран на демократски начин. Ученичкиот парламент има изготвено програма за работа како прилог-дел од годишната програма на училиштето, води записници од одржаните состаноци, а за реализација на програмата добива поддршка од училиштето.

Ученичкиот парламент учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците се информирани од претставникот во ученичкиот

парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

## 5.2.Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и објективни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Голем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање.

Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Има изготвено и Правилник за ученик на генерација бр.01-321/1 од 5.05.2022 година со критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето. Промовирањето на постигањата на учениците се врши преку јавни гласила, локалните медиуми, фејсбук страна и родителските средби .

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето.

Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Голем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2012-2013 година во училиштето се реализира Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието и е завршен во 2016/17 година а од декември 2017 година е вклучено во проектот Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието (МИМО). Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето има партнер училиште ООУ „Лирија “ од с. Горно Јаболчиште со цел за развивање на меѓуетничко интегрирано образование со кое има реализирано заеднички активности и самостојни активности. . Наставниците имаат планирано интегрирани содржини за меѓуетничка интеграција во образованието.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето и презема дејствија активно да се вклучат поголем број на родители. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Комуникацијата на училиштето со родителите се спроведува преку одржување на најмалку три родителски средби во едно полугодие и се води уредна евиденција за одржаните групни родителски средби и евиденција за индивидуални средби со родители. Родителите учествуваат во процесот на донесување на одлуки преку советот на родители и училишниот одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, невладини организации и други институции, преку спроведување заеднички проекти, за реализирање на активностите од еколошката програма и учество на настани од интерес на заедницата.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната дејност во ООУ,,Панко Брашнаров,, Велес се реализира во една училишна зграда и 3 подрачни училишта во с. Башино село, с.Чолошево, с.Карласлари во Општина Велес. Подрачните училишта се оддалечени од централното училиште со повеќе километри.

Објектот во централното училиштето е од цврста градба изграден во 1914 година стариот дел на зградата додека новиот дел е изграден во 1975 година со површина од 4013 м2 со добро одржани и уредени просторни услови со 27 училници/кабинети, една фискултурна сала и пет административни простории. Училишниот двор е со површина од 260 м2. Во училиштето има спортска сала со површина од 1327 м2. Во објектот има санитарни јазли за ученици и за наставници. Дворот на училиштето не е комплетно заграден од сите страни и е хортикултурно уреден, а приодните патеки пред влезот се добро одржувани и чисти. Хигиено-естетската, содржинската и функционална уреденост на просторот во централното училиште е на високо ниво. Загревањето на просториите во централното училиште е со сопствено парно греење на нафта. Во училиштето нема пристапна рампа за инвалидизирани лица.

Во ООУ,,Панко Брашнаров,, Велес и подрачните училишта се образуваат вкупно 710 ученици од кои во централното училиште од I до IX одд. се образуваат 658 ученици, распоредени во 35 паралелки. Наставата во централното училиште се реализира во две смени.

Подрачното училиште во село Башино село е од тврда градба изградено во 1923 година, со површина на објектот од 281м2. Истото располага со четири училници и една наставничка канцеларија и една помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и воннаставни активности. Дворот во ПУ е 2500м2, истиот е делумно заграден, има отворен спортски терен за реализација на часовите по предметот Физичко и здравствено образование, но за реализација на часовите во зимскиот период се користат училниците кои се адаптират пред реализација на час. Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 22 ученици, распоредени во 3 паралелки од кои една чиста и две комбинирани паралелки. Наставата се реализира во една прва смена. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со парно греење на дрва.

Подрачното училиште во село Чолошево е од тврда градба изградено во 1980 година, со површина на објектот од 101м2. Истото располага со четири училници и една наставничка канцеларија и една помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и воннаставни активности. Дворот во ПУ е 2500м2, истиот е целосно заграден, има отворен спортски терен за реализација на часовите по предметот Физичко и здравствено образование, но за реализација на часовите во зимскиот период се користат училниците кои се адаптираат пред реализација на час. Во ова училиште од I до V одд. се образуваат пет ученици, распоредени во една комбинирана паралелка. Наставата се реализира во една прва смена. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со печка на дрва.

Подрачното училиште во село Каласлари е од тврда градба изградено во 1925 година и истото е реновирано во 2003 година, со површина на објектот од 135м2. Истото располага со три училници и една наставничка канцеларија и една помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и воннаставни активности. Дворот во ПУ е 1398м2, истиот е делумно

заграден, има отворен спортски терен за реализација на часовите по предметот Физичко и здравствено образование, но за реализација на часовите во зимскиот период се

користат учлниците кои се адаптират пред реализација на час. Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 25 ученици, распоредени во три паралелки од кои две чисти и една комбинирана паралелка. Наставата се реализира во една прва смена. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со печки на дрва.

Просторните капацитети во централното и подрачното училиште се оптимално искористени.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по норматив по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, истите континуирано ги обновува за да соодвествуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес согласно планираните ресурси. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата кај најголем број на наставници е со користење на ИКТ опрема.

Училиштето (централното и подрачните) е снабдено со 17 функционални компјутери со монитори, 19 смарт табли и 61 лаптопи за наставниците, три телевизори, шест принтери, два принтери/фотокопири и други нагледни средства за реализирање на наставата по предметите. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и ја имаат предвидено во нивните планирања за реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини.

Училиштето има и училишна библиотека, која е сместена во една просторија во централното училиште. Библиотеката располага со 30.941 книги од кои 11.005 лектири, 884 стручна литература, 18.815 слободна литература, книги од МОН 237 и литература на други јазици. Библиотеката е функционална и се води библиотечна евиденција во инвентарна книга. Во библиотеката во училиштето работат двајца наставници по македонски јазик од кои еден е вработен во училиштето со 16 наставни часа во библиотека и четири во настава додека другиот наставник е вработен во СОУ,,Јовче Тесличков,, -Велес и дополнува со 4 наставни часа во библиотека во ООУ,,Панко Брашнаров,,Велес. Библиотеката има истакнато работно време од 7.30 до 15.30 часот. Вработените во библиотеката се запознаени со законот за библиотекарство.

Во училиштето има воспоставени договорни процедури за утврдување на потреби од наставни средства и помагала. Наставниците во договор со директорот ги утврдуват потребите од наставни средства и помагала, наставни материјали и други потреби. Раководството одредува приоритети за снабдување според финансиските можности.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

За реализирање на наставниот план и програма, во училиштето обезбеден е доволен број на наставен кадар, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.

Во училиштето има вкупно 81 вработени. Вкупниот број на вработени се распределени на следните работни места: еден директор, еде административен работник, три стручни соработници од кои еден педагог и два психолози, 13 технички персонал и 61 наставници.

Наставниот кадар брои вкупно 61 наставници од кои 15 се мажи и 46 жени, од кои според етничка припадност македонци се 60, од други националности еден, оспособени да ги преземат одговорностите во наставата и вонаставните активности, согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Од вкупниот број на наставници, 53 наставници се на неопределено работно време и осум наставници се на определено работно време (од нив еден е приправник наставник по англиски јазик и има определено ментор од страна на директорот на училиштето). Во однос на степенот на завршено образование, структурата на наставниот кадар е следна: 58 наставници се со завршено високо образование, тројца наставници се со завршено вишо образование.

Училиштето има обезбедено согласност од Градоначалникот и Совет на општина Велес за прием на наставен кадар на определено работно време за учебната 2023/24

година бр.08-2714/5 од 24.11.2023 година и согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици, со бр. 25-3658/37 од 31.8.2023 година.

Сите наставници се со соодветна стручна спрема, согласно Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар освен наставникот по предметот физика кој е несоодветен согласно нормативите за наставен кадар по предметот физика, кој е вработен на определено работно време со 16 наставни часови.

Стручната служба односно педагогот и двајца психолози на училиштето им помагаат на наставниците во организација на наставата.

Во училиштето се почитува работното време од страна на наставниците и другите вработени и се следи од страна на директорот и стручната служба на училиштето.

При отсуство на наставниот кадар се води грижа замената да биде соодветна и навремена.

### 6.4 Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Во училиштето следењето на кариерниот развој на вработените наставници и стручни соработници е континуирано. За секој наставник и стручен соработник постои ажурирано професионално досие, кое е во согласност со Правилникот за водење на професионално досие на наставник и стручен соработник во основно образование.

Развојните потреби на наставниците се утврдуваат преку изготвен план за професионален развој на училиштето за учебната 2023-2024 година, план за професионален развој на наставникот, анкетирање, самоизјаснување и утврдување на потребите, преку следење на наставниците при посета на часови од страна на раководниот кадар и стручната служба.

Наставниците редовно ги посетуват сите предавања, семинари и обуки кои се реализирани во училиштето и надвор од него од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование и Националната агенција. Избор на наставник за да посетува некој семинар или обука, најчесто се врши на наставнички совет и преку спроведена анкета. Во училиштето е редовна пракса посетителот на стручното усовршување да изврши дисеминација или презентирање на работата од посетениот семинар.

Во училиштето се води евиденција за спроведени обуки – семинари за наставници во рамките на стручното усовршување на наставниците.

Стручната служба континуирано ги следи усовршувањата и развојот на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потребите за стручно усовршување.

Во претходните три години, голем број на наставници поминале стручни усовршувања , од повеќе области. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот, што внесува ефективни иновации во работата.

### 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план за 2023 година и усвоена завршна сметка за 2022 година.

Планот за јавни набавки за 2023 година е со бр.05-68/1 од 25.1.2023 година и измена и дополнување на годишен план за јавни набавки за 2023 година со бр.05-1041/1 од 16.11.2023 година и истиот е усогласен со Законот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки, во која е вклучен член од Училишниот одбор. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

# УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1.Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основното образование е од редот на Советот на родители. За членовите на Училишниот одбор немало обука за улогата која ја имаат како орган на управување во училиштето.

Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 25.09..2019 година, заведен со арх.бр 02-89/2.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 01-287/1 од 15.11.2019 година.

Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со арх.бр. ИП1 18-79 ОД 11.02.2022 година.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат иситите редовно присуствуваат на состаноците и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници (записничар е секретарот во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е многу добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.02-684/1 од 10.08.2023 година, со одлука од општината бр. 25-3658/36 од 31.08. 2023 година.

Директорот на училиштето е именуван со Решение на Градоначалникот на Општина Велес, со арх.бр. 08-1843/8 од 17.07.2021 година, заведено воучилиштето со арх.бр. 03-602/1 од 22.07.2021 година, со мандат од четири години.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Ја организира работата во училиштето и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства. Директорот заедно со стручната служба ја следат наставата и работат на наставниците во текот на цела наставна година , за време на едно полугодие се посетуваат часовите на сите наставници најмалку еднаш.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, и е доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес. Во нејзиниот мандат има изречено повеќе писмени опомени за наставници за недолично однесување, немање дневен оперативен план за час и тематско планирање и др .

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуација до денес направена е реконструкција на кровот и фасадата на централното училиште, целосна реконструкција на санитарните чворови, спорската сала заедно со спортските соблекувални, промена на дел од подовите во училниците, промена на столаријата во ПУ во с. Чолошево , поставување на фото волтаици ва централното училиште.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од четири години, што е во согласност со одредбите на Законот за основното образование.

Резултатите од Самоевалуацијата детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на основното училиште. Советот на родители имаат изготвена Годишна програма за работа и деловник за работа со број 02-88/2 од 25.09.2019 година. Изграден е партнерски однос со директорот и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во

врска со воспитно-образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма, како и за управување со финансиите во училиштето.

Советот на родители бил функционален и за време на онлајн наставата, Уредно ги свикуваат состаноците и сите членови се легитимни. На состанокот родителите истакнаа проблеми со реализација на наставата по предметот ликовно образование кој директно влијае и е поврзано со воспитно-образовниот процес.

Директорот доволно ја следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува финансиските средства, и секогаш наменски и транспарентно ги троши. Училиштето покрај Буџетската сметка има и сопствена сметка.

Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето обезбедува и дополнителни средства од изнајмување на спортската сала на здруженија на граѓани и спортски клубови.

Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со локалната самоуправа, бизнис секторот од општината и невладини организации.

Директорот учествува во работата на наставнички совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разни тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела како што е Совет на родители. Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации.

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се: меѓуетничка интеграција на младите во образованието, интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели.

Училиштето има изработено самоевалуација за период од 2019/2021 година со дел.бр.01-470/2 од 21.06.2021 година и за период 2021/2023 со дел.бр. 01-685/1 од 10.08.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на идентификуваните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето за период од 2021 до 2025 година со дел.бр. 01-658/1 од 12.08.2021 година.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики е подеднакво застапено по години.

Во неа се разработуваат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2021 до 2025 година. Во програмата се опфатени сите фази од концептот на развојно планирање. Анализите за состојбите и планирањата се изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени (со мали исклучоци). Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Училиштето нема лице кое поседува лиценца за јавни набавки. Во училиштето се вршат јавни набавки со лиценцирано лице за јавни набавки од друго училиште. Планот за јавни набавки за 2023 година е заведен со деловоден бр. 05-68/1 од 25.01.2023 година. За оваа година во планот за јавни набавки е планирано финансиски средства за: линиски превоз на учениците од ПУ с. Башино село, ПУ с. Чолошево , ПУ с. Каласлари и населба Речани, набавка на огревно дрво, набавка на нафта, канцелариски материјали и тековно одржување. Набавките се реализираат во согласност со законот за јавни набавки.

Тендерската постапка во училиштето ја спроведува комисија за јавни набавки. Во училиштето нема лиценцирано лице за јавни набавки.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници заведен со дел.бр.03-793/2 од 05.09.2023година која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници, наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност.

Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Силни страни

- Добра училишна клима и професионална соработка меѓу вработените, наставниците, родителите, учениците;
- Хигиената е на добро ниво, редовно се одржуваат просториите, ходниците, санитариите и дворните места;
- Голем број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;

## 8.2. Слаби страни

- Во училиштето нема пристапна рампа за инвалидизирани лица.
- Во подрачните училишта нема обезбедени соодветни услови за реализација на часовите по Физичко и здравствено образование во зимскиот период.
- Во училиштето нема лиценцирано лице за јавни набавки

## 8.3. Препораки

- Да се преземат активности во училиштето за изградба на пристапна рампа на влезот на училиштето.
- Да се преземат активности за обезбедување на соодветни услови за реализација на часовите по Физичко и здравствено образование во подрачните училишта.
- Да се преземат активности за лиценцирање на лице за јавни набавки во училиштето.

| |
|---|
| Радица Лазова -раководител на инспекцискиот тим |
| Гордан Стојчевски –член на инспекцискиот тим |
| Александар Арсов - член на инспекцискиот тим |